Врз основа на член 7 став 3 од Законот за детективската дејност ("Службен весник на РМ" бр. 80/99), министерот за внатрешни работи донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛЕГИГИМАЦИЈА ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕТЕКТИВСКА ДЕЈНОСТ И ОБРАЗЕЦОТ И НАЧИНОТ НА ИЗДАВАЊЕ НА ЛЕГИТИМАЦИЈАТА ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕТЕКТИВСКА ДЕЈНОСТ

## I. ОПШТА ОДРЕДБА

### Член 1

Со овој правилник се пропишуваат образецот на барањето за издавање на легитимација за вршење на детективска дејност и образецот и начинот на издавање на легитимацијата за вршење на детективска дејност (во натамошниот текст: легитимација).

## II. ОБРАЗЕЦ НА БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛЕГИТИМАЦИЈА

### Член 2

Барањето за издавање на легитимација се поднесува според образец (прилог број 1) кој е составен дел на овој правилник.

Образецот од став 1 на овој член се издава во формат А-4, на хартија во бела боја и содржи: во горниот лев агол место за наведување на податоци за барателот (име, презиме, адреса), а во горниот десен агол место за наведување на местото и датумот кога е поднесен, под нив се наведува називот на органот до кој се поднесува барањето "Министерство за внатрешни работи", под тоа називот "Барање за издавање на легитимација за вршење на детективска дејност", основот од Законот за детективската дејност согласно кој се поднесува барањето и документите кои барателот во прилог ги доставува, а во долниот десен агол место за потпис на барателот.

## III. ОБРАЗЕЦ НА ЛЕГИТИМАЦИЈА И НАЧИН НА ИЗДАВАЊЕ НА ЛЕГИТИМАЦИЈАТА

### Член 3

Образецот на легитимацијата е со димензии 85x140 мм и е изработен од специјална заштитена хартија која содржи воден печат, УВ заштита и заштита со иридесцентни колор ленти. Образецот на легитимацијата има активна безбедносна заштита-заштитна фолија во комбинација со холограм која се нанесува со лепење.

Образецот на легитимацијата, во горниот лев агол има место за фотографија со димензии 2,5 x 3 цм, во горниот десен агол знамето на Република Македонија, под него назив "РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА", "ЛЕГИТИМАЦИЈА ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕТЕКТИВСКА ДЕЈНОСТ", "ДЕТЕКТИВ", место за впишување на податоци за името и презимето на детективот, место за впишување на ЕМБГ на детективот и сериски број. Под него има отпечатен текст за правата и должностите на детективот од Законот за детективската дејност. Во долниот лев агол има место за впишување на датумот на издавање на легитимацијата, во средината место за печат "МП", а во долниот десен агол место за потпис на овластеното службено лице на Министерството за внатрешни работи.

Образецот на легитимацијата е утврден во прилог број 2 и е составен дел на овој правилник.

Образецот на легитимацијата е сместен во дводелна кожна обвивка со сина боја, која превиткана има димензии 75x100 мм, а развиена 100x150 мм (прилог бр. 3), кој е составен дел на овој правилник.

На предната страна од кожната обвивка, со златно - жолта боја е отпечатено: во горниот дел назив "РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА", под него ловоров венец со ознака "РМ", во средина и во долниот дел назив "ДЕТЕКТИВ".

Образецот на легитимацијата се сместува во внатрешниот дел од кожната обвивка, која е обложена со заштитна пластична фолија, така што се поставува вертикално.

Член 4

Издадената легитимација има важност сè додека лицето, согласно Законот за детективската дејност, има статус на детектив.

Лице на кое, согласно Законот за детективската дејност, ќе му престане статусот на детектив ја враќа легитимацијата на Министерството за внатрешни работи во рок од 15 дена.

Член 5

Во случај детективот да ја изгуби легитимацијата или на друг начин остане без неа, се известува Министерството за внатрешни работи, кое му издава нова легитимација по огласување на истата за неважечка.

Член 6

Легитимацијата се заменува со нова кога поради оштетување или дотраеност легитимацијата ќе стане неупотреблива, како и кога детективот ќе го промени личното име.

Легитимациите што се враќаат или заменуваат, се ништат.

## IV. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Член 7

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 231-14057/1<br>21 април 2000 година<br>Скопје

Министер<br>за внатрешни работи,<br>**Доста Димовска,** с.р.

Прилог бр.1

Во___, на ден__ година

________________<br>(барател)

ДО<br>МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА<br>ПРЕДМЕТ: Барање за издавање на легитимација за вршење на детективска дејност

Согласно член 7 став 1 од Законот за детективската дејност ("Службен весник на РМ" бр. 80/99), поднесувам барање до Министерството за внатрешни работи за издавање на легитимација за вршење на детективска дејност.

За издавање на легитимацијата ги исполнувам сите пропишани законски услови и во прилог доставувам:

- фотокопија од лична карта, заверена од нотар;
- фотокопија од уверение за положен стручен испит, заверена од нотар;
- фотокопија од издадената лиценца, заверена од нотар;
- фотокопија од уписот во трговскиот регистар, заверена од нотар.

Барател

___________________

Прилог бр 1.




Прилог бр. 2.




(превиткана)

Прилог бр. 3 .




(развиена - внатрешна страна)